# 46-ТИ „ЉУБАНСКИ ИЛИНДЕНСКИ ИСЕЛЕНИЧКИСРЕДБИ“




**46-ТИ „ЉУБАНСКИ ИЛИНДЕНСКИ ИСЕЛЕНИЧКИСРЕДБИ“**

**Четириесет и шесте „Љубански илинденски иселенички средби“ се одржаа во центарот на Љубојнои, познат како „Полена“ на први и втори август 2019 година. Тие започнаа со народна веселба, за потоа да ги прогласи за отворени градоначалникот на Општината Ресен, д-р Живко Гошаровски, кој беше во придружба на министерот за дијаспора, Едмонд Адеми, пратеничката во Собранието на РМ, д-р Бети Рабаџиевска-Наумовска, Архиерејот на Европската епархија, митрополитот Пимен и советници на Општина Ресен**

Веселбата на отворањето начетириесет и шесте „Љубански илинденски иселенички средби“ ја збогатија младите и полетни играорци на Друштвото „Гоце Делчев“ од Битола, кои се претставија со грст македонски народни ора и песни пропратени со македонски тапани, за што беа наградени со аплаузи.

Во изминатите 46 години на успешно организирање продефилираа голем број културно-уметнички друштва, музички ѕвезди, литературни дејци и други културолози. Така и оваа година на први и втори август 2019 се славеше Илинден, најголемиот ден на слободарскиот дух од сите денови и празници на македонскиот народ и Македонија. Со тоа се потврди фактот дека „Љубанските илинденски иселеничките средби“ се значајна културна манифестација не само за Љубојно и Преспа, туку и за Република Македонија.

Во организација на Одборот за прослава на средбите, на чело со претседателот Васил Томулевски и Месната заедница, оваа година на Илинден во Љубојно се собра голем број иселеници од прекуокеанските земји, од европските земји (Европската Унија), Преспанци што живеат низ Македонија, голем број Македонци од егејскиот дел на Македонија што живеат ширум светот, гости и иселеници од другите села, туристи од Претор, Сливница и Крани, како и голем број повратници од Преспа, Битолско, Охридско, Леринско и од Мала Преспа




***Изведувачите на детската театарска претстава „Ем љубов – ем панаѓур“***

Илинден е величествен ден на сенародниот македонски копнеж за борба и слобода на Македонија. Затоа тој голем ден за сите Македонци од етничка Македонија го прави Љубојно да е најубаво, највесело и најпривлечно. На Илинден во Љубојно се игра и се пее, се јаде и се пие, се чувствува топло гостопримство и срдечност кај домаќините и кај сите оние што дошле за Илинден во убавата Долна Преспа.

Токму на Илинден во Љубојно со гордост се истакнуваа бурното минато исполнето со непокор и борба за опстанок на македонскиот народ и етничка Македонија. Тоа е резултат на фактот дека на првиот Илинден се случиле бурни и драматични настани, а и во текот на окупацијата Љубојно беше едно од жариштата на револуционерното движење и прва ослободена територија во Преспа.

На „Љубанските илинденски иселенички средби“ со свој репертоар на македонски народни песни настапија и присутните ги забавуваа групите „Молика“ и „Фаворити“ од Битола, со познатите естрадните уметници: Елена Велевска, Благојче Стојановски – Туше, Ташко Каранфиловски и Елена Јовчевска.

Посебно внимание на „Љубанските илинденски иселенички средби“ привлече Театарска група од 25 деца чии корени на нивните родители потекнуваат од Љубојно. Овогодишната преставата беше насловена „Ем љубов – ем панаѓур“ и е дело на Панче Александар. Овој познат и признат ентузијаст, заедно со различни детски групи има учествувано на средбите четири пати. Како и во предходните така и оваа година Детстската театарска група беше наградена со долготрајни аплаузи од присутните на „Љубанските илинденски иселенички средби“.

Тие направија оваа традиција во Љубојно да продолжи да живее полни 46 години, а со тоа Илинден да биде и слава и верски празник. Илинден како ден на востанието на македонскиот народ да стане и ден на Љубојно и околните села, Брајчоно. Долно Дупени, Наколец, Штрбово, Крани и Арвати, како и Селата во Долна Преспа во Егејскиот дел на Македонија и Мала Преспа во Албанија.

Како и сите изминати годиниу и оваа година на денот Илинден во црквата „Свети Илија“ во Љубојно се одржа традиционална богослужба на која присуствуваа голем број верници од Љубојно и гости на средбите.



*КУД*

Инаку, Иселеничките средби се исполнети со интересни содржини, Тогаш ечат песни и ора, се радуваат луѓето на многуте визити, видувања, спомени и завет - дека каде и да се, ама на Илинден, во Долна Преспа да се.

Овој голем ден на верската и националната симболика на македонскиот народ ја издигна до ниво на магија која го поврзува, независно дали се наоѓа во Македонија, Австралија, Европа, Канада, САД, Европската Унија или на други простори во светот. Овој македонски празник е ден над деновите, симбол над симболите, магнет над магнетите.

На прославата на четириесет и шесте „Љубански илинденски иселенички средби“, се потврди дека родното место, со невидена сила ги привлекува иселените повторно да се вратат на дедовските корени. На средбата во прекрасната атмосфера присутните ги доживееја деновите и моментот како во поранешните времиња. На иселеничките средбисите иселениците беа дел од многубројните случувања кои остануваат за паметење во родното печалбарско Љубојно и Македонија.



Пишува: **СЛАВЕ КАТИН**